**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ЦЕНТАР**
**Бр. 12-16/1**
**14.04.2015 година**
**Скопје**

Општинската изборна комисија Центар, постапувајќи по Барањето за спроведување на Референдум на локално ниво поднесено од градоначалникот на општина Центар, бр. 09-2106/1 од 31.03.2015 година, согласно член 43 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија„ бр. 81/05), член 37 став 2 точка 1 и член 38 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр.40/06, 136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11 и 14/2014 и Упатството за пдготовка, организирање и спроведување на референдум на локално ниво во Општина Центар, бр. 12-596/1 од 08.04.2015 година донесено од Државната изборна комисија, на седницата одржана на 14.04.2014 година донесе

# О Д Л У К А

1. Референдумот на локално ниво во Општина Центар ќе го спроведат:

   - Општинската изборна комисија Центар именувана со Одлука на Државната изборна комисија бр. 10-810/1 од 27.04.2011 година,

   - Избирачките одбори именувани од Општинската изборна комисија Центар. во состав од претседател, два члена и нивни заменици.

   - Од постојниот состав на Избирачките одбори, чиј што мандат согласно Изборниот законик се уште трае, Општинската изборна комисија Центар ќе ги изземе членовите и нивните заменици кои се предложени од редот на политичките партии, согласно член 38 ставовите 5 и 6 од Изборниот законик.

2. Оваа Одлука да се достави до Претседателите на Избирачките одбори и да се објави на веб страната на Општина Центар.

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
***Коста Митровски***